**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 107-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јани Макрадули, Игор Ивановски, Ристо Бислимовски, Весна Борозан, Благородна Мингова-Крепиева , Ангел Димитров, Неждет Мустафа, Славица Грковска, Љупчо Мешков, Зоран Крстевски, Нелко Стојановски, Соња Лепиткова, Слободан Најдовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Адулаким Адеми, Селвија Салиу, Хусеин Џеват Хусеини, Агим Џелили, Михајло Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Љубчо Георгиевски, Марија Којзеклиска и Спиро Мавровски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејќи сме на 23-та точка-Национална стратегија за развој на информатичко општество, бидејќи претресот е заклучен, треба да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да ми кажат колку пратеници се потпишале на списокот.

На списокот се потпишани 33 пратеници.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(по паузата)

(По паузата од 11,29 часот до 11,38 часот претседателот повеќе пати ги повикува пратениците да влезат во салата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да гласаме по Националната стратегија за развој на информатичкото општество. Мислам дека е од заеднички интерес за сите пратеници.

Уште еднаш ги замолувам пратениците кои биеа на почетокот кога ја прекинав седницата, а сега ги нема да дојдат во салата.

Сега се присутни 61 пратеник, но тоа не значи дека тие што беа на почетокот не треба да дојдат.

**Преминуваме на гласање по следниот заклучок во врска со Националната стратегија за развој на информатичкото општество.**

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1.Собранието ја разгледа и ја поддржа Националната стратегија за развој на информатичкото општество.

2.Овој Заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки, да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за транпорт и врски и Министерството за образование и наука.

Предложениот заключок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласал за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на 24-та точка-Предлог за донесување на закон за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Искажа желба министерот за економија да каже два три збора. Бидете краток министре, бидејќи кворумот ќе ни се разбега.

**Фатмир Бесими:** Изразив желба да кажам два три збора заради тоа што се работи за нов закон во нашето законодавство. Се работи за усогласување на националната програма за усвојување на правото на ЕУ во делот на надворешните односи.

Инаку, појдовна основа за работната група при изготвување на овој закон беше регулативата на Советот на европа, број 1334 од 2000-та година, како и заради потребата од усогласеност со одредбите на законот. Тука ја имате и кореcподентната табела на усогласеноста на овој закон со Европската регулатива.

Инаку, само да укажам на тоа што очекуваме да се постигне со донесувањето на овој закон. Се очекува да се оствари вклучување на Република Македонија во мултилатералните режими за контрола на трговијата на стоки и технологии со двојна употреба, а со тоа воедно и вклучување во зајакнувањето на меѓународниот мир и приближување кон меѓународните безбедносни стандарди во борбата против тероризмот. Исто така, донесувањето на овој закон претставува и усогласување со законодавството на ЕУ како услов за влез во Европската унија и усогласување со меѓународните конвенции и исполнување на обврските согласно пристапувањето кон НАТО.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам .

Има збор пратеникот Љубисав Иванов-Ѕинго. Повелете.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Овој закон навистина е нешто ново воопшто во нашето законодавство. Навидум изгледа дека тоа е едноставен закон, меѓутоа, тој е многу значаен и во себе крие многу опасности од неговата примена. Има еден широк спектар каде што самиот закон ако не биде

доволно дефиниран има можности на злоупотреби на самиот закон. Ќе ви кажам еден пример. Ние немавме ваков закон, но имавме еден случај кој беше на широко злоупотребен, за што јас поставив прашање и тука во Собранието. Тоа е случајот со недавање дозволи за извоз на машини на фирмата од Прилеп "Микросан". Една голема компанија ја пријави оваа наша фирма дека произведува машини, а практично тие машини беа конкурентни на таа компанија, кои можат да се злоупотребат во воени цели. И бидејќи компанијата стана многу внимателна, изврши голем притисок преку нивната амбасада да не се издаваат повеќе дозволи за извоз на машините од "Микросан". Познато е дека фабриките кои произведуваат машини, произведуваат за големи пазари, производството на машини не може да биде за мали пазари. Тоа мора да биде наменето за голем број пазари и кај големи потрошувачи. Наместо оваа наша фабрика да се развива и усовршува во производството, бидејќи не и се даваа дозволи за извоз на тие машини, таа мораше да го прекине производството, да се преориентира на сосема други машини и практично да го изгуби светскиот пазар, со тоа што конкуренцијата сега си доби слободен пазар. Такви појави во иднина може да бидат присутни, затоа што една опрема или една суровина може да има повеќенаменски употреби и ако сакате, можете да тргнете од тоа дека и една глодалица може да биде искористена за воено производство, еден дребонг, една бушилица итн, секој пат некој тоа ќе го крсти дека е опасно да се извезува во одредена земја, бидејќи може да се употреби за производство за воени цени. Да не зборуваме сега за суровини кои имаат еден голем спектар на употреба и конкуренцијата секој пат може да направи такви притисоци, особено преку влијателни влади и држави, земјите мали како што е Македонија да дојдат во состојба да не можат да го остваруваат своето производство и пласман.

Мислам дека тука во законот треба јасно да се каже дека само производи што ќе бидат наменети за производство на бојни отрови, на хемиски производи кои би се употребиле во воени цели, на производи што значат нуклеарна енергија, нуклеарни цели, итн, дека тука треба да се сведема само на тој проблем, и тоа во земји кои се ризични, кои можат да предизвикаат такви несакани последици по светот итн. Морам многу внимателно да се конципира овој закон затоа што може многу да се злоупотреби во спречувањето на наши фирми во обавувањето на производството и реализацијата. Еве, наведов пример, злоупотребен е тој случај и една фирма е доведена во многу тешка состојба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Иванов.

Повелете господине Блаже Стојановски, имате збор.

**Блаже Стојановски:** Благодарам господине Јордановски.

На почетокот сакам да кажам дека предлагачите на овој закон направиле напор и вложиле труд, со кој ги зеле предвид искуствата од повеќе земји и од ЕУ и надвор од неа во поглед на покривањето на законски начин на оваа област, односно на извозот на стоки и технологии со двојна употреба. Меѓутоа, факт е и тоа дека оние работи кои не им одговарале или каде што има простор да се носат одлуки кои не се засновани на прецизно утврдени критериуми, тоа е избегнато, тие се избришани и направен е еден закон кој што е по мерка на Македонската Влада, со тоа што јас би сакал да се задржам на неколку точки или на неколку решенија од овој закон кои сметам дека би можеле да предизвикаат тешкотии, пред се, во поглед на функционирањето на извозниците на вакви производи, а сметам дека на овој начин ќе се доведат во една деликатна ситуација и ќе се доведе во една ваква деликатна ситуација и Комисијата која треба да ја формира Владата и која е составена од 7 члена, кои се претставници на секое министерство на Владата.

Комисијата е составена од седум члена, кои што се претставници скоро на секое министерство во Владата, од Министерството за одбрана, до Внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за законодавство, Царинската управа на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Значи, согласно членот 5 од овој закон, Владата на Република Македонија на предлог на Комисијата што е составена од претставници кои што ги кажав претпходно, донесува листа на стоки и технологии со двојна употреба. Така да, листата на стоки и технологии со двојна употреба, треба да биде недвослисмено направена и да биде многу јасно поставена во контекст на дефинирањето кои се тие стоки и технологии кои што имаат двојна употреба и врз кои што можат да се применуваат одредбите на овој закон.

Меѓутоа, во членот 6 од овој закон, точката 3, дозволата за извоз која што треба да ја издаде Министерството за економија стои дека е потребно и во случаите кога стоките не се опфатени со листата од членот 5 точка 1, односно не се дефинирани од страна на Владата по предлог на Комисијата која што Владата ја формира од овие членови за кои што кажав претходно.

Значи, во точката 3 стои дека доколку извозникот е известен од страна на Министерството за економија, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Царинската управа на Република Македонија, или друг надлежен орган, дека таа стока или технологија во целина, или нејзини делови можат да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, поништување, откривање, препознавање или

ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје, или за развој и производство, одржување, складирање на ракате способни за пренос на такво оружје, повторно е потребна дозвола. Значи, зборуваме за стоки кои што не се наведени во листата и кои само со едно известување, на било кој од овие органи, кои што се наведени во точката 3 од членот 6, може да ја извести фирмата која што извезува вакви стоки, или вакви технологии, дека мора да прибави соодветна дозвола.

Меѓутоа, овде се јавува еден практичен проблем. За да може некој да изврши извоз, мора претходно да склучи договор, мора да се направи деловна соработка помеѓу извозникот од Република Македонија и оној кој што треба да ги увезе тие стоки. Овие дозволи во ваков случај кога се даваат со известување од страна на поединечно министерство неминовно доведуваа до големи проблеми во функционирање на овие деловни односи помеѓу извозникот од Република Македонија и увозникот од страна. Затоа, во членот 6 ставот 3 може да се преформулира, односно може да се направи едно подобрување на текстот, со тоа што сметам дека тука е министерот, може да даде придонес во тој правец, со тоа што еднаш годишно Министерството за економија, може да објавува кои се тие други технологии за кои што тоа смета се од двојно значење.

На овој начин, секој правен субјект кој што врши извоз на вакви технологии навремено ќе може да биде информиран за значењето на технологиите со двојно значење, со двојно користење и на тој начин ќе може нормално, да ги реализира своите деловни активности и деловна соработка со оние субјекти со кои што соработува.

Исто така, сметам дека со ваквата формулација би се избегнале и политички мотивираните санкции затоа што на овој начин може за да се спречи извозот на било која стока од Република Македонија може таа да се прогласи заради некои причини за стока со двојна употреба и на тој начин фактички да се врши политички притисок врз извзникот од Република Македонија.

Исто така, не може на ваков начин како што е предвидено во законот да се утврдуваат санкции, затоа што санкционирањето на непочитувањето на членот 6 точката 3, е предвидено во членот 22 од овој закон и не може да се санкционира нешто што би било дефинирано отпосле со известување од страна на Министерството за економија или од Министерството за одбрана, од Министерството за внатрешни работи, за надворешни работи, Царинската управа и како што вели тука или друг надлежен орган. Значи, во секој момент може било кој заради политички причини или некои други причини да даде известување од овие органи до извозникот и на тој начин да направи огромна штета во неговата деловна активност, која што се рефлектира се разбира, на вкупното работење на извозникот.

Покрај ова, сметам дека точно треба и да се определи одговорноста за издавање на мислењето во рамките на секој од министерствата, затоа што треба да биде децидно утврдено дека министерот е тој кој што е должен да го издаде мислењето, за да не се доведуваме во ситуација во Министерството да се случуваат работи од типот, не знам, јас не сум надлежен, друг е надлежен и на крајот треба за секоја поединечна дозвола за издавање, повторно да се оди до министерот, а од друга страна, за министерот да не постои законска обврска во одреден временски период да го даде своето мислење.Тоа секако, треба да биде поврзано и со рокови, кои што треба да бидат обврзувачки рокови, со цел за навремено добивање на овие дозволи, затоа што сепак исполнување на договорните обврски, кои што се превземени од страна на извозникот од Република Македонија, мора да биде направен на начин, што нема да предизвика доцнење во испораката, која што нема да предизвика спречување на испораката, или која што може да предизвика тотална неможност за испорака на стоки со двојна употреба, односно, технологии со двојна употреба.

Понатаму, во членот 8, ставот 4 стои дека Министерството е должно на барањето за дозвола за извоз да одговори во рок кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на поднесување на барањето, односно во рок од 90 дена, ако во постапката за издавање на дозволата за извоз се потребни дополнителни проверки.

Сметаме дека овие се навистина, долги рокови, затоа што 90 дена, тоа се три месеци, за издавање на една дозвола која што е поврзана со деловна активност, навистина, претставува кочење на реализацијата на таа деловна активност, односно на извозна активност и од тие причини, сметам дека рокот во кое што треба да одговори Министерството на барањето на извозникот, не треба да биде подолг од 30 дена, што впрочем, е во согласност со Законот за управна постапка, затоа што сепак, оваа постапка е еден вид управна постапка која што е поврзана со роковите од 30 дена, кои што се сосема доволни за да се утврди дали стоката која што треба да се извезе од Република Македонија е на листата која што ја има утврдено Владата на Република Македонија или не, и во тој рок, навистина е сосема доволно да се координираат активностите на министерствата кои што се надлежни по однос на ова прашање и на Царинската управа на Република Македонија и впрочем, и самата Комисија, која што ја формира Владата е составена од членови на овие министерства и Царинската управа на Република Македонија и на тој начин, сметам дека рокот од 30 дена е сосема доволен за да не се попречува нормалното производство и испорака на стоките кои што се предмет на регулирање со овој закон.

Доколку се потребни дополнителни проверки, тогаш, навистина од 60 до 90 дена, 30 дена е

голем период за дополнителни проверки. Тоа може да биде поефикасно, поекспедитивно направено. И доколку има потреба од такви дополнителни проверки, тоа може да се изврши и за 15 дена, што значи дека вкупниот рок за дополнителните проверки кој што треба да го има на располагање Владата или Министерството надлежно за издавање на дозвола за извоз на вакви стоки, е сосема доволно да биде 45 дена.

Во членот 9, став 1, треба да се додаде, каде што стои дека Министерството по претходно прибавено позитивно мислење, издава дозвола за извоз најмногу за период од една година од денот на издавањето на дозволата за извоз. Предлагам во исклучителни случаи, значи онаму каде што навистина, има посложен процес на изработка на тие производи, или проблеми кои што треба да се решаваат во тек на изработувањето на тие производи, значи во исклучителни случаи, каде што природата на стоката, или технологијата е таква, што е потребен рок на производство подолг од една година, на барање на извозникот повторно да може да се издаде дозвола за извоз за период кој што ќе го побара извозникот, а кој што ќе биде предизвикан од реалната потреба за изработка на тој производ, со тоа што определувањето на рок од една година, како задолжителен рок за изработка на еден производ, не може да биде релевантен, кога се работи за изработка на посложени стоки или технологии за кои што е потребно долго време.

Исто така, во членот 13 кој што се однесува за правото на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во втор степен на управни работи од областа на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, треба за предметите по кои што е поднесена жалба, Комисијата да побара мислење од стручни лица од универзитетите од Република Македонија и од МАНУ, со тоа што, на овој начин при решавањето по жалба навистина, ќе се избегне она што значо сомневање во субјективноста при носењето на одлуката, или од разни други причини, кои што би значеле недоволна ажурност на Комисијата во решавањето по жалба, односно на решението кои што го има донесено надлежното Министерство.

Значи, со учество на лица од универзитетите во Република Македонија и од МАНУ, сметам дека навистина и самата Комисија ќе добие во тежина при одлучувањето по жалба.

Во членот 16, ставот 1 предлагам да се направи една измена која што навистина, ќе значи прилагодување, односно точно дефинирање на периодот во кој може да се суспендира извозот на опрема или технологија, за која веќе е добиена извозна дозвола, што е аналогно, на регулативите на Европската унија, со тоа што, тој би гласел дека во случаите кога Царинскиот орган или други надлежни органи имаат оправдано сомневање, дека при издавањето на дозволата за извоз не се зеле релевантните информации, податоци, или околностите материјално се измениле, по издавањето на дозволата за извоз, привремено ќе го суспендира извозот врз основа на претходно добиено известување од Министерството во период кој не ги надминува периодите определени во ставот 3 од овој член, кои што се однесуваат на кратки рокови, во однос на непречено реализирање на извозот на стоки и технологии кои се предмет на овој закон.

Исто така, во случаите кога Царинските органи имаат оправдано сомневање дека податоците од т.н. сертификат за краен корисник не се точни, може повторно привремено да го суспендира извозот, меѓутоа, исто така, во период кој што не ги надминува периодите кои што се наведени во точката 3, а тоа е дека извозникот е должен во временски период од приемот на известувањето, дека настанале околностите од ставот 2, односно кога има сомнение дека податоците од сертификатот за краен корисник не се точни, да достави до Министерството дополнителни докази, со кои што располага, со кои што ќе ја потврди точноста на податоците наведени во сертификатот за краен корисник.

Понатаму, сметам дека треба да се додаде уште еден став во членот 21, кој што се однесува на информациите кои што се дадени во барањето за дозвола за извоз и другите документи и тие информации и документи, кои ќе бидат доставени во барањето, ќе претставуваа класифицирани информации со доверлива содржина, кои нема да можат да бидат давани на странски служби, странски агенции, освен во случаите во кои Република Македонија има потпишано договори со кои се обврзува дека ќе го прави тоа.

Ова е пред се, мотивирано заради заштита на економските интереси на Република Македонија, затоа што давањето на ваков тип на информации кои што се содржани во барањето за дозвола за извоз и другите документи кои што ги добива надлежниот судски орган, кој што ги прибира ваквите барања и кој што издава дозволи за извоз на вакви стоки, доколку бидат злоупотребени со давање на конкурентски фирми или на служби кои што можат на одреден начин да го спречат користењето на тие стоки, или евентуално, ако се дадат податоци за деловната соработка, тоа може да биде навистина, на штета на реализацијата на деловниот потфат што го има извозникот и на тој начин целосно да се наруши извозната зделка, што ќе значи директен удар, не само врз интересите на извозникот, туку и врз економските интереси на Република Македонија, затоа што на тој начин фактички, Владата на Република Македонија, или надлежните министерства и органи кои што се одговорни за издавање на вакви договори за извоз, кои што поседуваат со податоци, кои што се многу значајни за стоките и технологиите кои што се извезуваат, можат дирекно од давањето на таквите податоци, кои што навистина, треба да го имаат степенот на деловна тајна, да направат огромна штета за извозникот, односно

за фирмата која што ги произведува тие производи.

Со тоа, сметам дека со прифаќањето на овие сугестии, ќе се подобри текстот на овој закон, ќе се направат дополнителни напори од страна на Министерството за економија, како предлагач на овој закон, кој што дирек но ќе се заштити извозникот, ќе се олесни целата процедура на издавање на вакви дозволи за извоз, а од друга страна ќе се прилагодат и овие одредби на законот со регулативите и директивите кои што ги има секоја земја членка на Европската унија, која што се грижи за интересите на стопанските субјекти и на економските субјекти, кои што се занимаваат со изработка на ваков вид на стоки и технологии, кои што навистина, можат да предизвикаат посебно внимание, со оглед на нивните специфики и можностите за нивна употреба.

Добро е донесувањето на ваков закон, добро е што Владата најде сили да поднесе ваков закон и да ја регулира оваа проблематика, затоа што она што го имаме во постојната законска регулатива, тоа е постојниот Закон за оружје и Законот за производство и промет за вооружување и воена опрема. Сметам дека нецелосно, недоволно и многу пошироко има постигнато во смисла на регулирањето на овие прашања, за разлика од овој закон кој што многу конкретно, многу прецизно и преку Комисија која што е формирана во рамките на Владата на Република Македонија и преку точно утврдување на министерствата, на роковите, на можностите за заштита на правата на извозниците, ќе се успее да се воспостави ред во оваа област во Република Македонија, со тоа што сметам дека единствено нешто што треба да го направи Владата, каде што ќе се подобри оваа ситуација, тоа е да го зголеми своето влијание, во контекст на заштита на извозниците од Република Македонија, а не во контекст на прилагодување на потребите на Република Македонија кон потребите на некои други конкретни компании, кои што можат негативно да се одразат на вкупниот развој на економските активности во Република Македонија на фирмите кои што се занимаваат со ваков вид на производи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Филозофијата на некои пратеници е дека еве и без мене ќе се направи кворум, а се во Клубот, не функционира баш. Еве чекам веќе пет минути баш за тој едниот.

Благодарам.

Имаме веќе 62 пратеника.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, гласале 59 за, нема воздржани нема против, а во Собранието се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 55 за, еден воздржан, нема против а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6 ставови 3 и 6; член 13 став 1; член 16 став 4; член 22 став 1 во воведната реченица и на точка 4, за додавање нов став 3 по ставот 2 и за менување на став 5 и на член 23 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 60 гласале за, нема воздржан, нема против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

**Минуваме на точката 25. - Предлог за донесување на закон зза изменување на Законот за техничката инспекција, со Предлог на закон**.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за техничката инспекција.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 59 гласале за, 1 воздржан, нема против, а во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 59 гласале за, нема воздржан, еден против, а во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 57 гласале за, нема воздржан, 1 против, во салата се присутни се уште 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за техничката инспекција.

**Минуваме на точката 26. - Предлог за донесување на закон за стечај.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине министре имате збор.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе на Собранието.

Со овој Предлог за донесување на законот за стечај се настојува. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине министре, малку причекајте, ајде господа пратеници тие што не мислат да седат нека излезат.

Продолжете господине министре, имате збор.

**Фатмир Бесими:** Почитувани пратеници, сакам да ја образложам потребата од донесување на закон за стечај односно нов закон од активна оценка на состојбите и целите кои треба да се постигнат како и досегашните активности во преземените дејствувања на овој Предлог закон.

Имајќи ја предвид досегашната пракса на функционира на постојниот закон иако Законот за стечај, мислам постојниот, кој е донесен во 1997 година, а се применува од 1998 година. Имало измени во 200-та година и 2004 година. Се сметаше дека во нашата пракса има потреба од нов закон кој ќе ја регулира ова проблематика. Преку ова законско решение кое предлагаме да оди во две фази бидејќи законот е обемен и треба да регулира една многу чувствителна проблематика во нашата економија, а тоа се постапките за стечај. Имајќи предвид дека стечајната постапка во пазарните економии претставува инструмент кој го расчистува пазарот односно стопанските субјекти кои се наоѓаат во одредени потешкотии во нивното функционирање на пазарот на овој начин треба ефикасно, транспарентно и брзо да се реализираат овие стечајни постапки во нашата економија.

Тргнувајќи од овој аспект основни цели кои сакавме да постигнеме со овој закон се обезбедување на сигурност на пазарот значи економска стабилност и развој, усогласување на законот за стечај со другите нови закони кои се донесени или се во процедура усогласени со Законодавството на Европската Унија. Со скратувањето на времетраењето на стечајните постапки, намалување на трошоците на постапката, подобрување на механизмите за остварување на правата на доверителите, дефинирање на сопственост на претпријатијата во стечајна постапка и перманентна едукација на органите на стечајна постапка.

Значи, со ова законско решение се настојува да имаме ефикасен, транспарентен процес, а во исто време има и такви решенија кои овозможуваат односно придонесуваат во зголемување на одговорноста при процесот на реализација на стечајните постапки во Република Македонија.

По значајни нови решенија во овој Предлог закон, гледате дека се внесување на регистер за значајни изрази и поими кои ќе се користат во оваа проблематика.

Понатаму утврдување на прецизни услови за поднесување на Предлог за отворање на стечајна постапка, скратување на претходната постапка пред донесување на решение за отворање на стечајна постапка.

Утврдување на овие рокови, од институционален аспект стечајниот совет добива нова функција значи ќе решава како второстепен орган. Како што спомнав заостсрени се критериумите за стекнување на лиценца за овластен стечаен управник, тие ќе бидат организирани преку Комора на стечајни управници под директен надзор на Министерството за економија.

Исто така се предвидува задолжително осигурување на стечајните управници за одговорност од штета, услов без кој не може да се добие предмет на Судот.

Понатаму, има предвидено кривична одговорност за ненавремено извршен попис и ставање во стечајна постапка при утврдување на побарување на доверителите предвидена е можност за оспорување на извршна исправа доколку од денот на извршната, па до извршувањето настанале одредени околности од суштествено значење за извршување со што се избегнува можност за двојна наплата по истото.

Понатаму, продолжен е рокот за побивање на правни дела склучени пред отворање на стечајна постапка наместо 90 дена рокот е зголемен на 180 дена.

Скратена е можноста еден доверител да оспорува побарување на останати доверители без правен интерес и соодветни докази.

Што се однесува на делот на вработените со денот на отворање на стечајна постапка на вработените им престанува договорот за вработување и тоа стечајниот управник може по одобрение на стечајниот судија да склучи договор со одреден број вработени поради довршување на производството во тек или да се одстрани настанување на штета по имотот на стечајниот должник.

Проширен е бројот на правните субјекти на кои е дозволено лично управување во стечај под надзор на повереник именуван од Судот.

Повереникот врши надзор над работењето додека спроведувањето на деловниот потфат му е доверено на органот на управување.

Исто така, тоа што е значајно во овој закон е вградена посебна глава за меѓународен стечај, согласно правилата на унцитрал за признавање и остварување на странска судска одлука за водење на постапка на странски субјекти за признавање на одлука на домашен суд во странство.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Започнуваме со пријавени пратеници,

Повелете господине Шајноски, имате збор.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе,

Во најголем број стечаите досега беа на фирми во кои државата беше мнозински или малцински акционер, се едно.

Мислам дека се додека постојат такви фирми каде државата е акцонер било каков закон за стечај да донесеме, тој ќе биде неефикасен, поточно ќе биде заобиколуван од државата која со нечесни игри најчесто настојува да ги уништи фирмите каде има акции за да ги земат пошто-зошто нејзини активисти.

Во иднина кога целото стопанство ќе биде приватизирано ќе настанат техничко економски закони за регулирање на иднината на фирмите во тешкотии, а Законот за стечај ќе биде само рамка за извршување на одредени постапки.

Дали фирмата ќе се репрограмира со истите акционери или ќе се продаде на други акционери со други визии и амбиции или ќе се ликвидира е прашање и оценка на самите акционери. Но, посебно по што ќе посегнат акционерите е она што државата како акционер го прави до сега како прво, а тоа е стечајот како одлук од партиски, а не економски интерес.

Примери за ваква постапка на државата можат да се набројат многу, јас само би ве потсетил на еден пример, тоа е примерот со ЕМО. ЕМО беше приватна фирма која во 2002 година имаше 5 милиони евра профит и државата по 2002 година организира штрајк во ЕМО со цел да му се одземат легално купените акции на берза на акционерите од Србија и Црна Гора. Во тој криминал на одземање на акциите извршител беше претседателката на Комисијата за хартии од вредност која незаконски после две години од трансакцијата заклучила дека се сомнева во потеклото на парите на странецот. По влегување на државата како акционер во ЕМО таа го врати истото раководство од пред 1998 година и благодарение на тоа денес ЕМО е во загуба од 10 милиони евра и е пред стечај, а не пред влез на Сименс во ЕМО.

Значи, државата го зема ЕМО за да го стави во стечај, и да го продаде пошто зашто на свои блиски луѓе.

Од овие причини сметам дека Законот за стечај треба да биде направен за приватни фирми без државен капитал, а за фирми каде државата е акционер треба да постојат други засебни клаузули каде ќе се санкционираат криминогените активности на владините комисии и на Комисијата за хартии од вредност, а и би се заштитиле работниците во нив, како што тоа се правело во минатиот период во сите фирми кои државата ги ликвидираше или ставаше во стечај.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шајноски.

Има збор пратеникот Мите Николов.

**Мите Николов:** Благодарам господине претседателе, почитуван министре, останати членови на Владата, колешки и колеги пратеници.

Веднаш на почетокот на ова мое излагање сакам да кажам една слаба и една добра страна на предлогот за донесување на нов закон за стечај.

Добрата страна е што законот ќе оди во две фази и ќе има доволно време по истиот да се произнесат и со свои предлози да го подобрат сите заинтересирани институции, здруженија и други субјекти.

Слабата страна е што е малку задоцнет затоа што дел од проблемите што ги предизвикуваше или во најмала рака дозволуваше стариот закон за стечај денеска се веќе видоизменети затоа што наместо поранешните претпријатија во општествена или мешовита сопственост денес во стечај заминуваат новоосnованите трговски друштва во приватна сопственост кои нормално имаат и други интереси. Но, за ова нешто повеќе во натамошното излагање.

Што се однесува до стечајната постапка, за мене најважен дел од истата е првиот нејзин дел или самиот почеток на стечајот т.е. отворањето на стечајната постапка.

Искуството од поранешните стечајни постапки покажа дека трговските друштва поранешните претпријатија на кои стечајот е отворен на време кога постоела неспособност за плаќање на дел од обврските, но истовремено долговите не ги надминувале вкупните средства на претпријатието, тие претпријатија во стечај на време успеале да направат реорганизација и по излегувањето на стечајот да продлжат успешно да работат.

Дел од таквите претпријатија успеаа во текот на стечајот да спроведат и постапка на приватизација и денес се успешни трговски

друштва кои се борат како на домашниот така и на странските пазари.

За разлика од нив во претпријатијата, а сегашните трговски друштва каде се одолговлечуваше стечајнта постапка, каде раководствата на претпријатијата ги користеа сите легални и нелегални форми на избегнување на стечајот а вработените се надеваа дека со тоа ќе ги задржат работните места, стечајната постапка се отвораше со големо задоцнување, вредноста на долговите беше многу поголема од вкупните средства и капиталот на фирмата, а резултатите од стечајот беше ликвидација и целосно оштетување на доверителите.

За жал, единствени корисници од ваквите стечаи беа стечајните управници кои ги користеа сите можности за одолговлекување на и така задоцнетиот стечај се определуваа за некакви активни стечаи во кои обавуваа сопствени бизниси, а од намирувањето на доверителите немаше ни трага.

Новите одредби во членовите 16 и 17 од предложениот закон што се однесуваат на овластувањата на стечајниот Совет, а особено определбата со која се ограничува можноста стечајниот судија истовремено да биде и член на стечајниот Совет сигурно ќе придонесат до намалување на ваквите неправилности, но самиот факт што сите четворица се членови на една иста фела не гарантира и вистинска контрола на стечајниот судија од страна на стечајниот совет.

За разлика од овие измени измените кај овластувањата и контролата над работењето на стечајниот управник од страна на стечајниот судија стечајниот Совет и особено изменетите права на одборот на доверители сметам дека ќе придонесат до скратување на стечајните постапки и особено ќе придонесат за поголема заштита на доверителите.

Понатаму, новите одредби во членот 5 во предлогот на законот воведуваат многу поефикасни мерки за отворање на стечајната псотапка кои би помогнале во надминување на досега кажаните проблеми.

Единствена недореченост, или подобро кажано непрецизност се јавува во точка 4 каде се кажува дека должниковата неспособност за плаќање се докажува со потврда од носителот на платниот промет. Знаеме дека согласно Законот за платен промет трговските друштва можат да отворат денарски и девизни сметки во повеќе деловни банки, па нејасно е од кој носител на платен промет предлагачот ќе побара потврда дека во рок од 45 дена од било која негова сметка, кај било кој носител на платен промет не е исплатен износот кој требало да биде исплатен врз основа на важечка основа за плаќање. Особено е проблем ако предлагачот за барањето на стечајната постапка е доверителот.

Доверителот ќе може да ги обезбеди доказите од член 5 на Предлогот на законот само под услов ако претходно од должникот ги добие неговите сметки отворени кај сите носители на платен промет и ако од сите нив побара потврда. Се андевам дека во втората фаза предлагачот оваа непрецизност ќе ја исправи и попрецизно ќе ги регулира доказите за отпочнување на стечајната постапка и начинот на нивното обезбедување на доверителите.

Во Македонија постојат примери каде неколку години претпријатијата не само што се целосно неликвидни, немаат исплатено плати и придонеси повеќе од 3 години, дури и им се одземени основните средства за работа и обавување на дејноста. Сепак сеуште се водат како неактивни и над кои сеуште никој не покренал стечајна постапка. Затоа за поздравување е обидот на предлагачот да го задолжи должникот т.е. неговите органи овластени за застапување да поднесат предлог за отварање на стечајна постапка и тоа во рок од 21 ден од денот на настанувањето на причините за отворање на стечајна постапка.

Сепак сметам дека одредбата од точка 9 на членот 51 во кој се истакнува дека органите на должникот лично и неограничено со целиот свој имот им одговараат на доверителите за Штетата што им ја прочиниле со пропуштањето на својата должност е малку претерана и сметам дека и покрај својата оправданос ти добра намера сепак во овој момент не може да заживее и ќе ја доживее судбината на Законот за забрана на пушењето.

И покрај најдборите намери на предлагачот да се казнат должниците кои наврме нема да отворат стечај над сопственото трговско друштво со што би се заштитиле довеителите сепак сметам дека законите што ги носиме треба да се применливи во времето и условите во кои живееме.

Во случај оваа одредба да остане како што е предложена и стрикно да се применува за некои наши компании нема да може да се обезбедат лица кои би се нафатиле да ја обавуваат должноста извршен директор или управител. Замислете си кој во овие услови би бил директор на Охис, освен ако однапред не се знае дека законот нема да се применува, а тоа е, мора да признаеме уште полошо и од непостоењето на закон или пак на таква одредба.

Затоа предлагам во јавната расправа и во понатамошната постапка до изготвувањето на Предлогот на законот да се изнајде форма со која ќе се казнуваат должниците ако навреме не поднесат предлог за отворање на стечајна постапка, но казнените мерки треба да бидат реалникако би можело да се применуваат.

Неопходни се и измените кои се направени во претходната постапка, а особено обврската на должникот да соработува и да ги даде сите неопходни инфорамции и се разбира неговата одговорност ако истото не го направи.

Се надевам дека со овие измени ќе се измени досегашната постапка кога во текот на сослушувањето на должникот доволна беше неговата изјава дека во одреден период ќе ја

деблокира неговата сметка и на тој начин да го одлага неколку пати очевидниот стечај.

За поздравување се исто така одредбите со кои стечајниот управник се разрешува ако во рок од 90 од денот кога е донесена одлука за впарничување не направил задоволителен напредок во впаричувањето на имотот кој влегува во стечајната маса што е впрочем и негова главна задача.

Се надевам дека стечајните судии и доверителите навреме ќе реагираат и ќе ја користат оваа одредба како не би ги оставиле стечајните урпавници од стечајната постапка да прават сопствени приватни бизниси со разни договори за закуп, бесцелни продолжувања на дејноста со непријавени работници и други дејствија од кои некои можеби се нормални за редовна дејност, но не и за постапка на стечај.

Се разбира дека немам намера да ги споменувам сите добри новини кои се предлагаат, единствено на крајот ќе истакнам дека покрај роковите кои за одредени постапки во текот на стечајот директно се одредени во законот за скратување на роковите за завршување на стечајните постапки ќе бидат особено значајни и националните стандарди кои согласно член 98 точка 7 ќе ги пропише министерот за економија.

Роковите кои ќе ги пропише министерот за економија со националните стандарди ќе биде потребно да одговараат на видот на дејноста, големината на трговското друштво, процентот на побарувањето на доверителите кои можат да се наплатат од стечајната маса и н екои други критериуми за да можат тие навистина реално и вистински да влијаат на скратувањето на стечајната постапка.

На крајот ќе завршам со она што веќе еднаш го споменав, треба да носиме закони кои ќе ги подобруваат состојбите и ќе ги отстрануваат неправилностите, но исто така тие закони треба да се применливи и што е уште поважно треба целосно да се применуваат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Николов.

Повелете господине Иванов, имате збор.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Благодарам почитуван претседателе,

Веројатно од Министерството за економија ќе присуствуваат на оваа седница...

**Љупчо Јордановски:** Ми рекоа дека ќе дојде заменикот, ако сакате може да причекаме.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Не, јас ќе зборувам, затоа што има стенограф.

**Љупчо Јордановски:** Ова е прва фаза, стенографските белешки ќе ги испратиме до Министерството за економија, повелете.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Меѓутоа треба да се почитува Собранието и од страна на министрите затоа што ова е највисокиот законодавен дом во државата.

Јас за овој закон зборував и на Комисијата за економски односи и некои работи ако повторам се извинувам на колегите кои тогаш ме слушаа.

**Љупчо Јордановски:** И на граѓаните бидејќи граѓаните ги следат и тие седници. И на нив треба да се извините.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Не, на нив не м ожам да се извинам затоа што тие не се пред нас. Во јавноста многу малку се пишува за седниците на одборите.

**Љупчо Јордановски:** Не, не зборувам дека имаме дирекни преноси од седниците на комисиите на парламентарниот канал.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Јас ќе изразам голема благодараност за Министерството за економија што подготвило еден нов закон и што истиот закон се нуди во две фази, што е многу значајно.

Јас на Комисијата предложив Министерството меѓу првата и втората фаза да го искористи временскиот период да оформи една високо стручна комисија која ќе направи анализа на досегашниот Закон за стечај донесен 1997 година, па дополнет 2000, 2004 година и так анатака со кој ќе се покажат сите негативности и последици со примена на тој закон во нашата држава.

Големиот пад на нашата економска активност во рушењето на македонската економија, во уништувањето на огромен број капацитети од сите сфери на економијата (рударството, индустријата, туризмот, градежништвото, угостителството и т.н.) почиваат на еден закон кој практично нанесе огромна штета на економската економија. Тука да се согледа како тоа за еден таков период целокупното рударство во Македонија е ставено во стечај. Кога мислам на тоа мислам на "Злетово", "Тораница", "Саса", преработувачките капацитети на овие минерални суровини, Топилницата во Велес и т.н. и т.н. Мислам на "Бучим" кој како и овие капацитети работеше со голем успех, па "Фени" и т.н. Како можеше при една огромна дејност во државата во практично од едни профитабилни организации, дури некои и високопрофитабилни, како што беше "Саса", па и "Бучим", па и "Злетово" ги доведовме во ситуација, ги обезвреднивме и ги доведовме во ситуација да се затвараат во време ког аако ја имавме таа кондиција на производство ќе имавме преку стотини милијони евра извоз.

За да тоа да не се случув апонатаму една такв аанализа ќе ни покаже какви одбрамбени системи треба да вградиме во овој нов закон.

Таков е случајо ти со Агроиндустрискиот комплекс во државата кој практично денес не постои. Се отиде во стечај, се е ликвидирано, се е ставено надвор од производство. Огромен дел ја зафати и индустријата.

Според тоа една таква стручна анализа ќе ни покаже, не некого да земаме на одговорност, нема од тоа корист, туку со овој закон да ги отстраниме таквите негативни појави.

Во претходниот Закон практично овозможивме и корупција и криминал и ликвидација на македонската економија.

Вие само погледајте ако се изанализира кои се беа стечајни управници, на колку производни капацитети и на по десет и на по пет. Ниеден немаше за цел тој капацитет со посебнит еуслови кои што владеат за време на стечајот да го доведе во фаза на продуктивно високо

Според тоа битно е сега со овој закон да овозможиме, претходно, пред секој да оди во ликвидација или во времето на првата фаза на стечајот, да се направат сериозни програми, не тоа што сега се прави и пишува. Тоа тука посебно се однесува на претпријатијата кои сеуште се во државна сопственост, па и другите, низ една претходна фаза, низ едни издржани програми, не програми што ги прават овие стечајни управници, мангупи соберени за пари и така натаму, туку еден квалитет од стручни луѓе, луѓе кои го знаат занаетот, да се направи програма и да се види дали тој капацитет понатаму може или не може да опстојува, да работи, да егзистира и така натаму.

Друго, има многу случаеви, тоа е така и во светот, многу случаеви кога одредени производни капацитети во одредени периоди не се во состојба да работат со висок профит поради пореметување на пазарот, но тие не се ликвидираат и не се ставаат во стечај, туку се дава еден временски период на прилагодување, а тоа значи и ослободување од дел на работна сила, како услов на смалување на обемот на производството. Ако е во прашање пак техничко технолошка опременост, со додатни инвестиции за еден одреден период повторно тој капацитет да се доведе на ниво на конкуренцијата која постои. Оваа работа е многу сложена, многу е деликатна бара многу совест, чесност, бара многу и сама специјализација на судството, на судиите. Ние имаме стечајни судии кои работат разни други дејности и предмети од кривична и незнам каква се материја и овој стечај им доаѓа сега на грбот и тие немаат време да го проучат целиот процес. Тој е замислен од самиот стечаен управник, како што ќе му предлага.

Друго, овде многу се зборува за добавувачите и да бидат заштитени добавувачите. Добавувачите не можат да се заштитат само со стечај. Тие мора да бидат свесни, своите побарувања да ги обезбедуваат со разни други форми, гаранции, осигурувања, плаќање однапред, инструменти за плаќање и тн., затоа што и во тој поглед се играат многу игри, поготово кај општествените претпријатија, државните претпријатија, каде се прават нарочно задолжувања, а такви примери во Македонија има безброј, за после во стечајот и кога ќе се намести и стечајниот управник, му се признава практично големи побарувања за да може да јаземе фирмата. Затоа јас мислам и предлагам, имам осеќај дека тоа министерот дека го прифати, во меѓувреме да се проучат сите овие аномалии и сите овие мангуплаци што се правеа и целокупната ршамонијада околу стечаите, стечајните дејанија и тн. и законот после да се прилагоди и да ги отстрани тие дефекти и во исто време да се прилагоди на приликите на македонското стопанство.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Иванов.

Бидејќи 17 минути зборувавте и 5 минути пред тоа претставникот не се појави, јас не можам да толерирам неприсуство на претставник на Влада, затоа ќе дадам пауза од 15 минути за да го повикаме претставникот за култура, а со законот за стечај ќе продолжиме потоа.

Давам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,17 часот)

Бидејќи тука е претставникот на Министерството за култура, јас не сакам да навлегувам во елаборација зошто тоа го правам, но чекавме повеќе од половина час да дојде претставник од Министерството за култура, не дојде и затоа дадов пауза. Сега претставникот на Министерството за економија е тука, но сепак да видат малку како е кога ние чекаме и тие малку да почекат па сега ќе поминеме прво на точката 31, а потоа ќе се вратима на претходната точка.

**Минуваме на точка 31 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за култура, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Успеавме да се собереме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за култура.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во моментот кога гласавме имавме 63 прратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратени, 60 гласале за, нема воздржан, гласал против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (13).

Кој е против молам да крене рака? (Нема)

Кој е воздржан молам да крене рака? (Нема)

Дали воопшто некој не гласал? (Нема)

На седницата присуствуваа 13 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласале 13 пратеници, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за култура.

Му благодарам на заменикот министер.

Сега се враќаме на претходната точка 26.

Повелете господине Голомеев имате збор.

**Благој Голомеев:** Господине претседателе, господине минстре, колеги,

Пред нас се наоѓа исклучително значаен закон, закон за стечај кој има големо влијание врз реформите во секторот на претпријатијата, на стопанството, врз создавањето на бизнис клима во државата, врза намалувањето на инсолвентноста на претпријатијата односно нивната дисциплина во поглед на плаќањето и така натаму.

Тука слушнавме многу дискусии. Морам да кажам на почетокот дека пред нас се наоѓа исклучително добар текст, добро е што законот се предлага да се донесе во две фази, ќе има простор, можност и време пред се стручната фела од сите аспекти во поглед на решенијата кои се предвидени во законот да се вклучат сите заинтересирани страни се со цел да добиеме закон кој навистина ќе биде и применлив и ќе одговара на нашата ситуација и на нашите состојби во економијата. Меѓутоа ќе биде и прилагоден на она што претставува европско искуство, бидејќи ќе погрешиме ако само врз основа на она што го имаме како ситуација денеска во економијата на Република Македонија, ние да создаваме закон за стечај, и понатаму го толерираме слабото плаќање, несолвентноста на фирмите, недисциплината и избегнувањето на разно разните законски давачки и тн. Се на се мораме да донесеме закон, се сложувам со многу дискутанти, кој од една страна ќе обезбеди и брза, а од друга страна ефикасна постапка за стечај и примарната цел нема да биде ликвидирање на фирмите, туку пред се нивна реорганизација и овозможување нивно натамошно работење, што може да се обезбеди само ако стриктно се почитува законот, ако на време се отвора стечајната постапка кога фирмите не се до таа мера задолжени да долговите ја надминуваат неколку пати нивната вредност, нивниот капитал. И во такви ситуации едноставно можностите, нема економска логика, или еконмски инструменти таквите фирми и натаму да се спасат од ликвидирање. А тоа од друга страна отвараше досега можности за разно разни шпекулации, за најразлични изигрувања на законските решенија, односно би рекол крчмење на капиталот на најразличен начин. Она што за мене е битно во овој Предлог на закон, сега ова е прва постапка, се неколку работи.

Членот 5 кој овозможува покренување на стечајна постапка врз основа на неплатена една фактура од 45 дена од било која сметка на фирмата. Тоа ќе придонесе до зголемување на дисциплината во однос на плаќањето помеѓу фирмите што е еден огромен проблем за економијата во Република Македонија. Меѓутоа тука треба да се разработат механизмите на кој начин доверителите ќе можат, а тоа беше веќе и спомнато од повеќе дискутанти, ќе можат да пријават едноставно таква ситуација, бидејќи секоја фирма може да има повеќе сметки и во различни банки. Едноставно тука треба да се обрне внимание тоа да биде изводливо во пракса, а не само да биде мртво слово на хартија.

Она што ја забрзува и може да ја забрза стечајната постапка по мене се неколку елементи од кои би спомнал само три. Улогата на стечајниот совет кој веќе не е орган на стечајната постапка, туку се јавува како второстепен орган кој ќе мора да се произнесува во однос на приговорите и жалбите од доверителите на работата на стечајниот судија, на стечајниот управник и тоа со строго дефинирани рокови од 3, односно 8 дена што ќе овозможи во голема мера да се забрза стечајната постапка и одредени несогласувања, одредени сомнителни ситуации брзо да се решаваат.

Второ, поголемата надлежност на Одборот на доверители е многу битен елемент во однос на Собранието на доверители, бидејќи до сега тоа многу се користеше за одолговлекување на стечајната постапка, тоа е голем орган кој тешко може да се собере и тн. Сега со преземањето на големи надлежности на многу поголеми надлежности од страна на Одборот на доверители ќе може значително да се забрза оваа стечајна постапка.

Трето, новина е само едно рочиште за изјаснување по Предлогот за воведување на стечајна постапка што е битно, што е значајно, наместо досегашните две што исто така може да се користи за разни манипулации. Вака многу побрзо и многу поекспедитивно се покренува таа постапка.

Од друга страна во полето на ефикасноста на стечајната постапка значајно е да се спомене дека доверителите го предлагаат стечајниот управник. Тоа е многу битно, бидејќи на тој начин и се штитат интересите, а и нормално е да се штитат интересите на доверителите. Од друга страна односот помеѓу доверителите и стечајниот управник едноставно ќе биде на повисоко ниво и интересот целата таа постапка да се заврши најефикасно е взаемен во такви случаи. Тоа ќе овозможи за ефикасноста на изведувањето на стечајната постапка ќе придонесат и одредбите кои предлагаат стечајните управници да се дообразуваат, доквалификуваат, со тоа што на секои три години ќе го обновуваат своето знаење и ќе полагаат испит, имајќи во предвид дека во законската регулатива многу често, многу брзо се менува во овој дел и е прилично сложена. За изведување на стечајна постапка од есенцијално значење да имаме стечајни управници кои навистина се стручни и компетентни и кои ќе можат ефикасно во краток временски рок да ја реализираат оваа постапка. Исто така, многу е битно, новината што сега стечајните управници со целиот свој имот ќе одговараат за штетите кои можат да ги нанесат на било кој од доверителите, тоа е многу битно, ќе бидат принудени да се осигуруваат од можност за нанесување на штета. Така што одговорноста пред се ќе биде на многу повисоко ниво што ќе овозможи ефикасна постапка. Исто така, одговорноста, законските санкции кои се предвидуваат за раководните лица при отварањето на стечајната постапка е многу битна, не можат да се кријат податоци, не смејат да се кријат податоци, односно мора сите релевантни документи да бидат на дофат на стечајниот судија, на стечајниот управник со што ќе овозможи стечајната постапка исто така на ефикасен и брз начин да се одвива.

На крајот би сакал да го напоменам и фактот дека доверителите, или Одборот на доверители ќе може да предлага реорганизација на фирмата која е во стечај, бидејќи тие се најзаинтересирани да ги наплатат своите побарувања, тие ќе можат и најкомпетентно да предложат покрај стечајниот управник, да предложат план како да се реорганизира фирмата, како да опстане, бидејќи нивна цел најмалку е да се ликвидира фирмата, нивна цел најмалку е таа фирма да се уништи, туку едноставно да ги наплатат своите побарувања.Карактеристично е што во приоритетот на обештетувања се вработените, платите и придонесите за вработените во последните три месеци што од друга страна ќе ги заштити и едноставно позитивно ќе влијае за заштита на правата на вработените чија фирма ќе се најде во една ваква незавидна ситуација.

На крајот би заклучил дека имаме навистина добар текст. И на расправата на Комисијата за економија немаше којзнае какви суштински забелешки. Меѓутоа, добро е што оди во две фази, добро е што ќе се даде можност на комплетната компетентна јавност да го каже својот збор, бидејќи овој треба да биде навистинаисклучително значаен закон кој треба да обезбеди зголемен интерес и за инвестирање и за подобрување на комплетната бизнис клима во Република Македонија. Имајќи го во предвид сето ова, јас и пратеничката група на ЛДП во целост ќе го поддржиме донесувањето на законот за стечај.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Почитуван претседателе, ќе се обидам тоа да биде во времето до паузата.

Почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници на Владата, ова е само дел од материјалите што сакам да ги образложам. Јас се надевам дека претседателот ќе ми дозволи тоа да го направам и малку да излеземе и од она што значи Законот за стечај, да посветам внимание на некои други настани кои се случија во мојата општина, а сепак се поврзани со она што значи денечниот Предлог на закон.

На почетокот сакам да кажам дека градот Куманово е град на стечајот, односно градот Куманово е град во стечај. И подоцна ќе дадам и образложение зошто ова го говорам. Првпат во Република Македонија Законот за стечај е донесен во 1997 година и од тогаш до денес Законот трпи три измени во 2000 година, во 2002 и 2004 година. Она што го рекоа и претходните дискутанти, јас го имам претходниот текст на законот пред мене кој ми го дадоа лично стечајните работници од Куманово и јас во тоа не се сомневам дека овој текст е навистина поквалитетен од овој. Во тоа воопшто немам дилема и убеден сум во тоа.Значи, со оваа новата предлог верзија на закон за стечај всушност значи усогласување со европските директиви и препораки на Светската банка за примена на правилата на стечај како и Законот за стечај на Уницитраел.

Почитувани колеги, во последните скоро осум години од донесување на Законот за стечај сите ние пратеници и претставници на Владата, а посебно граѓаните беа сведоци на применливоста на текстот на претходниот закон за стечај. Кога реков граѓани, посебно мислев на

онаа група граѓани кои директно ги почитуваа слабостите на тој закон, на претходниот закон за што на долго и на широко се говореше во Република Македонија, со што за бројката, односно бројката на стечајните работници во Република Македонија навистина сериозно е загрижувачка и време е да се стави крај на оваа агонија која ја чувствуваат посебно стечајните работници.

Она што го кажав и на почетокот дека со право земам збор по однос на оваа точка и градот Куманово е град на стечај, бидејќи во последните три години, односно во трите години од мојот мандат единствено на што се сконцентрирав во општината Куманово е решавањето на стечајните постапки. Тоа е овој материјал тука што го ставив пред вас, на говорницата. Значи верувале или не, драги колеги, бројката на стечајните работници во општина Куманово достигна до 17 илјади. Тоа е податок со кој се оперира и во дневните весници во Република Македонија. Јас навистина мислам дека сериозно треба да се посвети внимание на тој проблем. За таа цел имам одржано повеќе од 10 средби со Координативното тело на стечајните работници во општина Куманово, имам поставено 10 пратенички прашања до Владата на Република Македонија за сите овие проблеми кои ги мачеа стечајните работници на општината Куманово. Последното прашање беше конкретно за тоа кога ќе се донесе овој закон што е денеска пред нас пратениците во Собранието на Република Македонија. И тука да бидам искрен Владата, она што ми го одговори, значи остана на зборот и во рокот кој го предвиде во одговорот на моето прашање, значи првата предлог верзија на текстот на Законот за стечај го достави пред нас пратениците во Собранието на Република Македонија. И од друга страна примив над 20 писма, барања, иницијативи, судски одлуки од група граѓани стечајни работници од општина Куманово. Тоа она што на почетокот говорев дека Куманово е град на стечај. Јас искрено ја ценам заложбата на Владата да го усогласи предложениот закон за стечај со европското законодавство и со сите останати препораки од Европската Унија. Но, би сакал искрено да апелирам до Министерството, надлежното министерство посебно овој закон да го усогласиме за оние на кои навистина ќе им биде потребен закон, а тоа се таа група на граѓани за која говорев пред малку. Јас верувам дека сепак таа група е најзасегната со она што е всушност текстот на новиот Предлог на закон.

Почитувани колеги пратеници, всушност најголемиот пресврт во негативна насока во поглед на стечајните постапки настанува со измените на законот кои се случија во 2000 година и со тогашните измени кога се воведе лиценцирање на стечајните управници и од тогашната власт истата одредба беше искористена за лиценцирање на свои луѓе блиски до нив, се со цел за да подоцна тоа им послужи за да претпријатијата каде што ги номинираат да станат стечајни управници ги приватизираат во сопствена, или во корист на своите ментори кои ги поставиле за таа цел. И всушност најголемата аномалија на претходниот Закон за стечај беше тоа што стечајните постапки се одолговлекуваа по повеќе од пет, шест. седум, 10 години, а за тоа навистина имаме примери за да говориме во Република Македонија. Можеби од тој аспект требаше да се следи примерот на соседна Србија и Црна Гора која беше ригорозна во тој дел со законот каде што дозволи растегливоста на стечајната постапка да биде од три до девет месеци. И во целиот тој временски период да се заокружи стечајната постапка. Од друга страна сето тоа додека траеја со години стечајните постапки во Република Македонија, стечајните управници кои се стекнаа со право со претходниот текст на Закон за лиценца за да обавуваат таква дејност, за тоа добиваа надокнада ако не се лажам во тоа време и од 1000 марки, а сега истото тоа е претворено во евра. Значи, за една таква добра надокнада,јас верувам дека како стечаен управник никој нема интерес процесот да го затвори во побрз временски период, односно интересот бил истиот процес да трае повеќе години, а за цело тоа време си оди таа финансиска надокнада на стечајните управници, а од друга страна трае агонијата на стечајните работници и другите манипулации, да се изразам погрубо и малверзации кои ги правеле стечајните управници по однос на давање на одредени објекти, по однос на рентање на одредени дуќани кои ги имале претпријатијата, се со една цел за да приграбат што повеќе за себе. И тоа верувам дека не е тајна, не само во општина Куманово, туку и во другите градови во Република Македонија тоа не е тајна. Тоа е група на луѓе која се стекна со право да има лиценца да ја обавува таа дејност блиска до одредени луѓе во тогашно време, распоредена во повеќе општествени претпријатија. Значи, имаме случаи каде што, ако не се лажам, една иста личност на повеќе од три претпријатија општествени да биде стечаен управник. Мислам дека тоа се коси со законот. Ако не се лажам мислам дека е дозволено до три. Значи, сме имале случаи каде што и повеќе од три една иста личност е стечаен управник и сега вие сами направете пресметка колку таа личност имала бенефит од сета таа активност што ја обавувала во тие општествени претпријатија и дали имала интерес тие стечајни постапки да ги затвори во најбрз временски рок. И затоа за поздравување е насоката во текстот на законот каде што се ограничува времето, значи да се стесни стечајната постапка во иднина. Од тој аспект повеќе прашања кои ги поставив до Владата на Република Македонија всушност беа: да се променат одредени личности во одредени претпријатија во општина Куманово кои навистина им нанесоа штета на работниците, односно стечајните работници во општина Куманово. За тоа морам да бидам малку и критичен спрема Владата. Јас инсистирав повеќе од две години во претпријатието АД "Купром"

Куманово, стечаен управник ако не се лажам мислам дека сеуште е човек кој нема лиценца. Значи, овде реално го кршиме Законот во оддел 4 од членот 20 до членот 32 каде што децидно новината која беше тогаш внесена кажува дека новите стечајни управници мора да имаат лиценца. Ако не се лажам, пак ќе повторам дека сеуште стечаен управник во АД "Купром" Куманово е човек кој нема лиценца. Тоа Министерството може подобро да го потврди.

Од ист аспект доставив и прашање до Владата да се промени стечајниот управник во АД "Југ-Турист" Куманово која што агонија траеше повеќе од не знам колку години. Потоа барав да се промени стечајниот управник на АД "Чик" Куманово. Тоа Владата го направи и во меѓувреме во овој период знаеме дека АД "Чик" Куманово се продаде на странски инвеститор и веќе тоа претпријатие е ставено во функција во општина Куманово и веќе граѓаните од тоа ги чувствуваат благодетите.

Од друга страна исто барав да се види што е со стечајната постапка во АД ЗИК Куманово со сите свои гранки. На крајот во еден од дневните весници пред некој ден прочитав дека во еден од деловите на АД ЗИК Куманово се бара стечајниот управник да се врати назад, односно вработените. И тоа е добро, тоа е за поздравување, значи, сепак групата стечајни работници од таа гранка на АД ЗИК Куманово бараат тој човек кој бил да им остане како таков. Најверојатно биле задоволни од активноста на стечајниот управник и тоа е за поздравување. Потоа, агонијата во Кожарско преработубвачкиот комбинат Куманово која трае со години и нема сеуште излезно решение и АД "Киро Фетак" Куманово каде што на прво мое инситирање Владата веднаш го промени тогашниот стечаен управник и донесе нов стечаен управник.

**Љупчо Јордановски:** Господине Анастасовски имате уште една минута.

**Иван Анастасовски:** Претседателе, ќе продолжам по паузата. Само ова да го доврешам за таа минута. И два пати беше ставено откако дојде новиот стечаен управник АД "Киро Фетак" Куманово на продажба, на тендер, не знам дали некој се има јавено или не, тоа не е моја активност и моја работа, меѓутоа знам дека Владата тука презема сериозни активности.

Прашувам дали некогаш Владата, бидејќи тоа ми беше посочено и од самите стечајни работници, дали имаше извршено контрола од надлежните органи врз тоа дали стечајните управници го почитуваат членот 131 од претходниот закон. А членот 131 од претходниот закон...

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Ќе продолжам да дисктирам по паузата.

**Љупчо Јордановски:** Само една работа сакам да кажам, вие зборувате 12 минути, бев толерантен. Ќе продолжите да дискутирате по паузата.

(Објавувам пауза до 15,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжувамем со работа.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам претседателе.

Во рамките на договореното, ќе настојувам сега да бидам краток и да прокоментирам одредени квалитетни решенија во законот и со тоа да ја завршам мојата дискусија. Ќе продолжам онаму кај што застанав. Тоа беше едно мое упатено прашање до Владата, до претставниците на Владата што се присутни тука. Затоа, сакам да го цитирам членот 131 од Законот. Цитирам:

"Кога е предложен план за реорганизација, стечајниот управник е должен да предложи социјален план за ублажување на негативните последици од престанокот на работниот однос на работниците, по кој план особено ќе бидат разработени критериумите и условите за престанок на работниот однос со отказ",

Значи таа категорија со која разговарав ми посочи дали ова навистина било испочитувано и се водело сметка за овој член од Законот, значи стечајните управници дали ја извршувале оваа обврска утврдена со закон. Јас лично не верувам во тоа, а тоа подобро можат да го кажат претставниците.

Интересно е да се напомене и она што значи стечаен судски совет, кој секогаш е во тесна спрега со стечајните управници како сврзани крвни садови, ги раслојуваат претпријатијата, ги осиромашуваат, а при тоа немаше кој да им застане на пат. Верувам дека овој закон тоа ќе го направи. Затоа, би тргнал по еден редослед и анализирајќи го законот ќе правам паралела со она што претходно го напоменав во моето воведно излагање.

Значи во основните решенија во Законот, во првиот пасус се кажува дека законот за стечај треба да биде применлив за сите оние што го користат, значи она што говорев на почетокот дали ова навистина ќе значи, како што го усогласуваме со европските директиви, и негова активна применливост за оние на кои навистина им е потребна, бидејќи верувајте, таа група луѓе гледа спас во ова законско решение, што дефакто е квалитетно

Исто така, она што го говорев во првиот дел за членовите од 1 до 6, тука мојата дилема е за растегливоста на стечајната постапка. Овој закон отвора простор, односно овозможува полесен пристап на доверителите кон стечајната постапка и побрзо надминување на побарувањата. Потоа подолу кажува дека во оваа одредба е предвиден уште еден услов, а тоа е периодот од 45 дена од било која негова сметка, од било кое правно лице. Значи тука веќе се говори за одредени рокови кои до сега беа пробивани, ако како такви постоеле и јас верувам дека Владата ќе биде ригорозна во спроведувањето по конечното

изгласување на овој законски проект, во неговото реализирање на терен.

Од друга страна, исто така позитивно во законот е што се дава рокот за жалбите, кој е 8 дена од приемот на жалбата и 3 дена по добивањето на приговорот. Тука навистина роковите се скратени и тоа сигурно ќе ја поедностави целата постапка, ќе ја забрза и постапките ќе добијат наквалитет.

Сериозна новина во овој закон е тоа што со овој закон се предвидува причина, каде што стечајните управници треба да го обновуваат своето знаење на 3 години по дополнително полагање на испит. Значи поврзано со она што го говорев претходно, кој се не добил лиценца од оние што учествувале, се пријавиле да бидат лиценцирани согласно претходниот закон. Како што говореше и претходниот дискутант, се надевам дека ќе се води сериозна грижа за тоа кој се треба да стане понатаму стечаен управник во Република Македонија и од тој аспект одредени стечајни управници, кој не би сакал да ги именувам, а се спомнати во моите прашања до Владата, навистина ја злоупотребија својата функција, а жално е што за тоа немаме конечен судски епилог за нив, бидејќи против некои гледам јавно се водат одредени судски спорови. Од тој аспект, верувам дека ќе се воведе ред за тоа кој се ќе биде лиценциран за стечаен управник понатаму.

Од друга страна, сакам да прокоментирам дека наградувањето на стечајните управници, односно надоместокот за кој говорев, понатаму ќе биде определен со правилник, при што ќе бидат определени основите за висината на наградата, додека стечајниот судија ќе ја определува висината на наградата по претходно добиено одобрение од Одборот на доверители. Значи тука веќе постапката оди поинаку. Верувам дека сепак наградите ќе се усогласат со реалната состојба во Република Македонија, посебно економска и верувам дека износите нема да бидат такви какви што ги напоменав во своето воведно излагање и од тој аспект веројатно и личниот интерес на самите стечајни управници за да ја држат отворена стечајната постапка повеќе години доаѓа токму од вакви причини. Понатаму пак се спомнуваат рокови, а лично мислам дека ќе добие во квалитет стечајната постапка одкако ќе се донесе овој закон. Има уште некои работи кои ги забележав како интересни новини кои треба да се напомнат, меѓутоа, не би сакал да должам.

На крајот сакам да кажам дека ова е навистина квалитетно решение и ќе ги реши проблемите на сите стечајни работници, посебно на оние кои во масовен број се обратија до мене и кои навистина со нетрпение го очекуваат донесувањето на овој закон. Знам дека законот е во прва фаза, Владата веројатно ќе си ги испочитува деловнички роковите и тоа ќе го направи во тој предвиден рок од 60 дена за да ја достави втората фаза со сите забелешки кои ги имаа колегите пратеници. Би сакал да апелирам во иднина навистина да се води ред за примената на овој закон и да се има цврста контрола за она што значи квалитет за текстот на предложениот закон. Затоа се надевам дека Владата навистина ќе води сметка за тоа. Лично како пратеник од позиција го поддржувам овој закон, посебно од аспект што доаѓа од град кој, како што реков, е во стечај и верувам дека и на стечајните работници од Куманово малку ќе им олесни со донесувањето посебно на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Анастасовски.

Господине Јашари, повелете, имате збор.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги, толку колку што сте, ќе се обидам накратко да го изнесам моето мислење во однос на овој предлог понуден од страна на Владата на Република Македонија. Сите знаеме дека еден од главните или најводечки начини за гасење на економските субјекти, како на тие профитабилните така и на непрофитабилните, без оглед на формата на нивното организирање, се смета стечајот, кој кај нас е регулиран со посебен закон што се вика закон за стечај. При тоа сакам да нагласам дека освен стечајот, има уште еден нов начин кој е регулиран со Законот за трговски друштва, кој значи ликвидација, што за разлика од стечајот како начин на прекин на економските субјекти, гасење на работата доаѓа до израз во случаите кога овие субјекти, и наспроти фактот дека во текот на невршењето на нивната дејност имале профит, биле профитабилни, меѓутоа, поради оправдани причини неопходно било да престанат да постојат.

Анализирајќи ја актуелната состојба во областа на престанокот со работа на економските субјкети преку стечај, со право, според моја констатација, предлагачот ги предлага новите решенија преку кои сака не само да ги скрати роковите за реализирање на определени дејствија како пред, така и по иницирањето на стечајната постапка, со што секако ќе се подигне не само ефикасноста во развојот на стечајните постапки, туку овие процедури и постапки во иднина ќе бидат порационални. Од друга страна, треба да се има предвид уште еден друг факт, затоа што преку овие измени се сака да се направи целосно усогласување со правото или директивите од ЕУ, иако и постојниот Закон кој е во сила, земено во целина, би рекол дека има инкорпорирано во себе мнозинство од директивите кои се предвидени или донесени од Европскиот совет.

Всушност што се предвидува со предложените предлози во овој закон за стечај?

Прво, како што реков и претходно, измените се прават во однос на намалување на утврдените рокови за реализација на некои дејства во стечајната постапка.

Второ, се прават измени од аспект на водење или управување со стечајната постапка, како од

аспект на предвидување на новите надлежности за неколку стечајни органи, така и од аспект на составот.

Одтука додека сум овде сакам да нагласам дека на стечајниот судија во суштиштина му се зголемуваат надлежностите, меѓутоа, сепак во иднина тој нема да има можност да биде и составен дел од стечајниот совет, Совет кој што така како што е предвидено со Законот е составен од тројца судии.

Како второ, тоа што можеби е позначајно да се каже е дека во иднина, за да се биде стечаен управник, во согласност со ова што е предложено, ќе треба секое лице кое ги исполнува предвидените услови со овој Закон да добие потврда или сертификат преку која дозвола ќе може да се овласти како стечаен управник. Токму ова ценам дека е една од најзначајните новини од овој Предлог за донесување на закон.

Исто така, се предвидува можност овој стечаен управник во моментот на иницирање на стечајната постапка, да се предложи од страна на предлагачот на стечајната постапка, а во согласност што е предвидено во оваа стечајна постапка како предлагач може да бидат стечајните доверители и должниците.

Понатаму, со цел на пораст и зголемување на ефикасноста и рационалноста на стечајната постапка, предлагачот за разлика од решението во постојниот Закон нуди само едно рочиште, во кое ќе може да се изјаснат страните за или против предлагањето или иницирањето за отворање на стечајна постапка.

Исто така, се предвидуваат измени и од аспект на отворање и реализација на постапката за предлагање на одредени барања и во согласност со ова што е предвидено овие барања можат да се предвидат во согласност со Законот за спорна постапка. Понатаму, се предвидува категоризација на стечајните доверители во т.н. доверители во т.н. кредитори од понизок и од повисок ранг, што е новина во однос на тоа што е предвидено во постојниот Закон.

Од аспект на ова што се нарекува реорганизација на субјектот или на стечајниот орган, се предвидува и можноста иницирањето на овој план, освен од доверителите и од стечајните должници, во фазата на иницирање на стечајна постапка да мможе да се отвори од страна на стечајните доверители и по отворањето на оваа постапка, се до одржувањето на рочиштето кое ќе биде информативно рочиште.

На крајот би рекол, исто така, како новина што се предвидува во овој предлог е т.н. меѓународен стечај, со кој се предвидува можноста и условите под кои може да се прифати една странска судска одлука во однос на стечајната постапка, како и определувањето, оценувањето на судската надлежност во однос на стечајната постапка, која што е меѓународна стечајна постапка.

Анализирајќи ги сите овие новини и целта на предлагачот, јас ценам дека овој предлог треба да биде поддржан со неколку забелешки, кои не се од суштински карактер, туку се повеќе од правно-технички карактер и јазичен карактер. Поради тоа, јас ценам дека во втората фаза предлагачот секако ќе ги внесе овие забелешки, со што текстот на овој закон ќе биде на повисоко ниво и од аспект на практичната употреба се надевам дека ќе биде подобар и ќе нема проблеми. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, претставници на Владата,

Денес го разгледуваме Предлогот за донесување на закон за стечај и морам на почеток да истакнам дека ако нешто ова Собрание работело или некој закон кој најчесто имаме прилика да го гледаме во Собранието како Предлог за донесување на закон или во конечната фаза, тоа е токму Законот за стечај. Значи сите овие години наназад, ако ги погледнеме одлуките или законите кои ги донесувало Собранието, ќе видите дека закон кој најчесто или се менувал или се донесувал нов закон, тоа е токму законот за стечај.

Сега повторно ни се нуди нова верзија, нов текст, нов Предлог за донесување на закон со утврдување во прва фаза на потребата за неговото донесување. Во сите овие фази кога претходно сме го читале или гледале Законот, во 90% од нив причините поради кои предлагачот барал, а ние сме прифатиле да го усвоиме законот, односно да ја усвоиме потребата за донесување на законот, биле оние кои и сега се предлагаат, со некои мали разлики. Секогаш поентата беше да имаме што поефикасна стечајна постапка, да ги гледаме интересите на доверителите, таа постапка да не биде онаква каква во пракса се случува најчесто таквите претпртијатија да завршуваат и никогаш повеќе да не проработуваат, туку да биде што поефикасна, што побрзо, се со цел да дојдеме до некој економски развој или да ги привлечеме оние странски инвеститори преку она што значи солвентност, што побрзо да се разреши. Значи како се носеле законите така се воочувале и проблемите. Имало прилики кога и позицијата но и опозицијата во оние фази кога претходно сме ги носеле законите укажувала на одредени недостатоци и забелешки, кои и сега имаме прилика да ги слушнеме. И тоа е добро затоа што очигледно е дека нема да постои текст, барем не за догледно време овде во Собранието на Република Македонија кога оваа материја е предмет на расправа, затоа што и каков текст да дојде, и оној најидеалниот, сепак ова е материја која се движи и сепак е ова материја што за стопанството на Република Македонија претставува најголем проблем. Значи како да се ослободиме од инсолвентноста, како со оние претпријатија што дошле во таква ситуација да се расчисти што побрзо, но од друга страна да се

рестартираат и да немаме мртво стопанство. Се пробаа многу варијанти и во претходните закони, сега се оди на друга варијанта, значи се бара решение кое ќе доведе до крајната цел. Очигледно е, што овде имаме нов текст на закон, јасно е дека стариот закон односно оној кој сега е во сила не ја оправдува својата цел. Морам да потенцирам дека Законот за стечај кој што сеуште е актуелен, кој треба да го замениме со овој нов закон не е така одамна донесен. Морам да потенцирам и да ги потсетам колегите дека и тој закон содржеше еден куп, огромен број членови, регулирал одредена материја која можеби и во таа фаза кога го усвојувавме законот во праксата се потврди дека е толку апстрактна што апсолутно не е применлива. Тоа праксата го покажа. Во тој закон имавме и толку нејасни одредби што на практичарите им создаваа проблеми, но главната цел да дојдеме до поефикасни, побрзи стечајни постапки и основното, со стечајните постапки да се намират доверителите, која е и основната цел во стечајната постапка, со тој закон не се постигна. Тоа мора да го признаеме и од тие причини, како што имавме прилика и во изминативе два дена, почитуван претседателе, да слушнеме од претставниците на Република Словенија кои овде ни одржаа семинар како да се прилагодуваме што побрзо кон ЕУ, значи од сега, во иднина, се додека сме кандидат, но во иднина кога ќе станеме членка, една од главните причини и образложенија во секој закон ќе биде усогласување на нашето законодавство со законодавството на ЕУ. Но тоа не треба да биде декларативно само како една од причините, туку треба да биде навистина усогласување и да се црпат сите оние позитивни решенија што во таквите законодавства постојат. Морам да потенцирам, со оглед на тоа што овој закон не го гледам така изолирано, затоа што имавме прилика денес на седницата да видиме дека овој закон оди во еден пактет закони што доаѓаат од Министерството за економија, пакет на закони кој во најголем дел, 90%, се усогласува со законите на земјите на ЕУ, значи она што е едношалтерски систем, она што значат измени во стопанските комори, задругите итн, а од друга страна, ова е еден од многу битните закони и мораме делот на она што во Република Македонија е најголемиот проблем да го решиме што поедноставно, побрзо и поефикасно.

Оттука, според мене читајќи го овој закон, а правејќи една споредба со она што до сега го имаме како закон но и она што во пракса можевме да го видиме, јас мора да признам дека овој закон навистина, нуди далеку подобри решенија. Сега за да не се сватиме погрешно ние овде како пратеници, претставници на граѓаните, можеме да ги испофалиме сите текстови, но секогаш мора да ставиме еден знак на прашалник дали и ваквите одредби, затоа што мора да повторам овој закон е честа пракса, значи честа појава кога го менуваме, дали и ваквите решенија конечно ќе дадат резултат. Јас да бидам искрен се надевав дека она што сега го нуди овој закон ако не во 100% случаеви но во одреден број на случаеви би требало да даде резултат. Ако предлагачот ги уочил слабостите каде е проблемот во сето она што значи проблемот стечај и ако на нив најмногу интервенирал, јасно е дека дијагнозата на болеста е утврдена. Прашањето сега е дали лекот е соодветен. Ако во една лепеза на многу лекови кои ви се нудат на пазарот го одберете највистинскиот, тој ќе ви даде резултат. Но, ако лутаме со разни други алтернативи, тогаш нема да ја излечиме болеста.

Јас мора да кажам зошто очекувам дека овој закон во еден поголем процент ќе го даде резултатот, затоа што ми е мило што морам да признаам дека најголем дел на проблемот со стечајната постапка, беше токму самата постапка. Беа органите на стечајната постапка, беше таа поставеност кои органи треба да ја водат и најголемиот проблем беше, токму во улогата на стечајниот управник. Да не кажам најголемите злоупотреби и најголемите одолговлекувања, токму се случуваа тука.

Она што сега ни го нуди предлагачот, е многу пати констатирано. Значи, каква треба да биде улогата на стечајниот управник, треба ли таа да биде онака како што сега предлагачите прават, со одредени права, со одредени одговорности и повеќе можеби, како што овој текст го читам, значи повеќе одговорности отколку права, што беше обратен случај претходно.

Исто така, не е едноставно кого ќе поставите за стечаен управник, затоа што праксата покажала дека буквално, секој во Република Македонија можеше да биде стечаен управник. Тука не ни е случајно, зошто некои претпријатија пропаднаа, а можеби не мораа да пропаднат. Не ни е случајно што огромен број на девијантни појави се јавиле токму кај стечајните управници. Не ни беше нејасно што одеднаш се појави толкав огромен број интерес во Република Македонија, што скоро секој втор сака да стане стечаен управник. Дали тоа покажува дека таа функција е толку убава. Јас ќе ви кажам искрено дека не е убава. Вие да бидете гробар на едно претпријатие, тоа воопшто не е звучно. Но, треба да се запрашаме, ако сакаме да дојдеме до ова решение, што е тоа што ги тера. Јас навистина, повторно ќе кажам, читајќи го овој текст, сфатив дека Владата, токму тоа го сфатила. Што е поентата што е многу луѓе сакаат да бидат стечајни управници. Дали нивната имотна корист, или можеби, она што самиот закон ги тера да дојдеме до поефикасно и поправедно решение. Очигледно е значи тука, слабостите беа уочени и тука е најголемиот дел на измен ите, можеби, единствената вистингка причина поради која што овој закон оди со нов текст.

Инаку, да кажам, јас сум секогаш поборник, кога предлагачот доаѓа со нов закон, без разлика што една од главните причини, поради кои што носиме нови закони да се дополни, да се надополни, во овој случај постои таква материја,

но кога веќе има толку измени во старата регулатива подобро е да се донесува нов текст и да ни биде попристапен, не само нас пратениците, но такво нешто треба да се практикува.

Оттука, почитувани пратеници и почитувани претставници на Владата, лично ми се допаѓа што сега органите на стечајната постапка, се поставени на малку подруг начин. Според мене, одлично решение е улогата на стечајниот совет. Значи во ова решение што е сега за стечајниот совет, буквално добива второстепена улога неговиот состав, можноста или неможноста, тие судии во стечајниот совет да биде и стечајни судии, што десега беше пракса . Јасно ја разграничува улогата од стечајниот судија и стечајникот совет. Исто така, тој суди. Како што имаме во самото судство во основен и апелационен суд некој со повисока функција, да ја утврдува одговорноста на оној што е понизок.

Оттука, стечајниот совет буквално сега излегува од оние директни органи на спроведување на стечајната постапка, а а главните органи се сега стечајниот судија, стечајниот управник, одборот на доверители и советот на доверители. Овие органи постоеја, не е некоја новина, но не беа така поставени, буквално ни се случуваше дуплирање, па несогласности итн.

Ми се допаѓа што одборот на доверители има сега една многу добра позиција. Значи, одборот на доверители е тој што треба да ја креира стечајната постапка, затоа што на крајот на краиштата за нивни побарувања станува збор. Со тоа што одборот на доверители добива можност, тие директно да влијаат во одлуката, односно назначување на стечајниот управник, е една од проблематиките која што со овој закон се решава, тоа што во пракса ни се случуваше. Ние имавме многу чести појави на штрајкови, незадоволства, кога таму вработените и самите доверители барале да се смени стечајниот управник од икс причини, поради кои што барале, а таа одлука зависеше од стечајниот судија. Но сега кога на самиот одбор уште на првото рочиште има право да предложи кој да биде стечаен управник, е сосема друга улогата. Сметам дека тоа е добро решение, што на крајот на краиштата за нивен интерес станува збор и кога самите ќе си го определат, мислам дека постапката ќе биде во нивен интерес и ќе се реши проблемот.

Значи, главната измена сепак, е во делот на стечајниот управник. Кај стечајниот управник мене ми се допаѓаат одредбите, каде што сега веќе имаме јасно дефинирање кој може да биде именуван, во членот 20 тоа е доста наведено, но битно е и кој не може да биде стечаен управник, како и кој не може да биде именуван за стечајниот управник. Значи, тие се некои решенија, кои што навистина, овој пат ја дефинираат добро улогата на стечајниот управник. Од друга страна, како да се дојде до уверение на стечајниот управник и сите оние одредби кој овде ги кажува законот, па делот на одговорноста кај стечајниот управник, неговото здружување во комора итн., се решенија кои што даваат сигурност дека овој закон може да има добра примена.

Не би сакал да дискутирам за останатите одредби, мислам дека, со оглед на тоа што доволно беше кажано од секој член поединечно, доволно беше кажано на комисиите, сакам на крајот да истакнам дека има потреба од ваков закон, од донесување на ваков зако, не треба тоа да го спориме, треба да му дадеме поддршка и јас се надевам дека текстот, доколку има забелешки, тие забелешки најверојатно, се искажани од повеќе пратеници, но, верувам дека и во јавната расправа ќе има сигурно забелешки и моја желба е предлагачот да ги слушне сите тие забелешки и навистина ги респектира, за да дојдеме до еден конечен текст кој туку што ќе профункционира и ќе трае подолго во Република Македонија, значи, да дојдеме до оние решенија да кажеме комплетно дека во Република Македонија немаме инсолвентни претпријатија и дека конечно и да кажеме дека една брана за странскиот капитал е отстранета.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Има збор пратеникот Славе Арсоски.

**Славе Арсоски:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници,

Навистина, факт е дека, ако е проблем, а таков проблем дефакто, постои во Македонија во економската сфера, се разбира со ситни импликации по други односи, а тоа е стечајот. А тоа е и топ тема. Посебно стечајните работници се жртви на една проблематика која што се јавува во претпријатијата во стопанските субјекти во Македонија и конечно, оваа проблематика треба да најде и законска рамка да се среди, за ефикасно, брзо, успешно разрешување на овие проблеми кои што се јавуваат, токму од овие претријатија.

Можеби досега постоеше соодветна рамка и измени и дополнувања на Законот за стечај, но за жал, примената на истите одредби колку беше ефикасна, дали тоа правеа блок стечајните судии, стечајниот совет, дали стечајните управници, дали одборот надоверители итн, во крајна линија ефектот во многу претпријатија беше поразителен. Никој не може да се согласи што е тоа, што досега имаме така долги стечајни постапки. Навистина, често пати го поставувам тоа прашање сам на себе и претпоставувам кој е одговорот. Несватливо е ние да имаме стечајни постапки во рок од 5, 6, 7, 8, 10 години. Што се случува. Дали некој го поставува прашањето што се случува со капиталот на тие претпријатија кои одат во стечај. Одговорот е дека тие се уништуваат. Дефакто, ние имаме уништување на капиталот по однос на вакви стечајни постапки кои што се случуваат во Република Македонија. За поздрување е да ви кажам искрено, што имате

вложено многу труд, како Министерство за економија, што успеавте, оваа е прва фаза се разбира, понатаму со една расправа на која што ќе бидат вклучени сите фактори, што ја познаваат оваа проблематика и ќе дојдеме до еден пречистен текст, кој што најуспешно ќе ја регулира оваа проблематика, односно ќе имаме закон, кој што ќе биде ефикасен и да не ни се случува она што моментално ни се случува.

За жал, иако можеби е неопходно и овде, да кажам искрено, некој рок, до кога би траеле тие стечајни постапки. Тоа не го видов, можеби законски тоа може да се заташка. Иако внатре во одредени рокови на одредени органи кои што ја спроведуваат стечајната постапка имаат обврзувачки карактер. Дали тоа и во иднина нема да биде голема мана на овој закон. 350 различја има овој закон. Навистина е за поздравување да го изготвите таквиот закон, иако по природа сум да имаме помали закони, пооперативни и да бидат применливи. Многу одредби ќе се согласите за самиот текст на законот во оваа прва фаза, со мои забелешки кои веројатно, во натамошната фаза би требало да се земат предвид, за да можеме да дојдеме до она што сите го сакаме.

Стечајните постапки, односно, стечајот не чини за сите. Не е тој лош за должникот што отишол во стечај, туку е тој е лош и за доверителите. Треба да признаеме дека во многу стечајни постапки должникот отишол кај отишол до ликвидација. Врз база на таквата ликвидација и многу доверители можат да предизвикаат стечај. Имам информација, колку е точна или не, мислам дека банките и штедилниците потпаѓаат под други основи за стечај. Се знае, со решение на гувернерот итн, и тој е стечај. Имам информација дека стечајот што се случи во Експорт - Импорт банката, имаше импликации да отиде во стечај и Радо банката во меѓусебните банкарски релации што ги имале Радо банка и Експорт Импорт банката. Може да се случи дека ако отишла Алумина во стечај, може врз база на тој стечај, доверителите поголеми што биле во Алумина истите да појдат во стечај. Во крајна линија, сите губат, но најмногу губат работниците. Има армија на стечајни работници на пример во Куманово има 15 -16 илјади стечајни работници, а претпоставувам и во другите градови на нашата земја, токму резултат е еден од сегментот што оваа проблематика не е регулирана како што треба, односно не се применуваа и одредбите на постојниот закон за стечај. Имам некое чувство дека сите органи вклучени во стечајните постапки, едноставно, беа заинтересирани да се продолжуваат стечајните постапки. Ќе кажам дека имате и овде соодветни пропусти, со кои што им давате можност исто и понатуму да управуваат. Не само што стечајниот управник да го направи тоа, туку и одборот на доверители итн. тука преба поригорозни да бидат решенијата, од аспект дека мораат во крајна линија, како што истакнав, иако нема рок кога една стечајна постапка треба да почне и да заврши. Не зависи само од Законот за стечај, туку зависи од други закони, како што е Законот за парнична постапка итн. И добро е што ние донесовме Закон за парнична постапка. Правниците знаат дека одредени одредби таму го регулираат ова прашање од аспект на брзи, ефикасни решенија, кои што можат да се донесат.

Јас ќе се осврнам, како што ви кажав, иако законот е доста обемен со многу членови, иако сакам да биде пооперативен, поприменлив и во втората фаза соодветни одредби во истиот закон ќе се вметнат, или ќе се исфрлат се во правец на успешно водење на стечаите, односно стечајните постапки.

Услови за отварање на стечајната постапка, кога се отвара стечајна постапка е во членот 5. Стечај и регулација на стечаен договор се спроведува, кога стечајниот доверител е неспособен за плаќање. Точно е тоа и рокот го имате дадено во рок од 45 дена. Еве да им дадеме на фирмите, се подразбира дека во рок од 45 дена им е блокирана сметката. Прашањето што го постави колегата Мите Николов, што правиме, овде децидно не е кажано, што правиме, бидејќи претпријатието со новиот Законот за платен промет има повеќе сметки во повеќе банки. Како ќе се утврди истото прашање. Мора децидно да се наведе кога, тие податоци од каде би дошле. Со Законот за платен промет, претпријатијата можат да отвораат свои сметки во повеќе банки. Овде некако е општо дадено и не смее така да постои, без разлика во членот 5 што ги давате ставовите 2, 3 и 4. Нема потреба да се даваат. Доволно е во тој став да се каже, проширен став да се даде и под такви услови да може некое претпријатие да оди во стечај, односно да се создадат условите за отворање на стечај. А во понатамошната постапка, се разбира дали тие услови се правилни или не се, друго е прашањето. Јас ви спомнав, парничната постапка, законот да се донесе, има мислам доста и дирекно и индирекно влијание врз вкупната оваа постапка, стечајна постапка, како и во кој дел истата ќе се извршува.

Добро е што стечајниот совет не е веќе орган во стечајната постапка. Се знае, кои се од органите во стечајна постапка: стечајниот судија, стечајниот управник, одборот на доверители и собрание на доверители. Тоа се органите кои го имааат она значење на второстепен орган. Многу одлуки кои што ги носат овие органи се на стечајната постапка. Мислам дека е извонредно ова решение што е направено, затоа што тука одеше до парничната постапка. Значи оние кои што го обжалуваа, немаа ваторостепено значење, па одеа во судот, од основниот суд во апелациониот суд и тука веќе заглавуваше предметот. Јас денеска имав прилика, да ви кажам искрено од 1996 имав предмет за стечајна постапка кој што е заглавен во судовите и не се решава. Дали е тука интерес на судиите, битно е дека после 9 години овој процес не се решава. Каде е одговорноста? Да се регулира со некои, се

разбира, соодветни акти. Повторно се органите за стечајна постапка и назначајни се влијанијата на стечајниот судија.

Второто прашање за стечајниот управник, мислам дека тоа е централно прашање, кое што или ги одоговлечува стечајните постапки, или можат истите да се придонесе побрзо да се завршуваат или, во крајна линија што кај нас најмалку се случува, за жал, најмалку се случува, во фаза на стечајни постапки не се прави план на реорганизација. Едно претпријатие кое отишло во стечај да може со план за реорганизација да се рестартира. Ако тоа се рестартира, имаат тогаш полза сите и доверителите и самиот стечаен должник итн. Значи, во овој дел мора да имаме правно некој истакнат, за што секој можеше да биде стечаен управник, меѓутоа не секој, мораше да има лиценца итн, сега, кој може да биде именуван за стечаен управник, наведувате во членот 20 подстав на ставот 3, подстав 1, да има висока стручна подготовка и најмалку 5 години работно искуство од областа на трговската дејност.

Сега од една страна велите да има стручна подготовка, од друга страна работа во областа на трговската дејност. Може да биде висока стручна подготовка лекар. Дали тој може да биде стечаен управник, или тој ќе работи во трговската дејност.

Логично е стечајните управници да спроведат една процедура би требало да бидат економисти или правници. Се знае кој може да биде. Подоцна ќе дојдеме до соодветните одредби ќе видите дека стечајниот управник ќе треба да ја средува книговодствената евиденција. Не може лице кое не е од таа фела успешно да ги спроведува активностите кои произлегуваат од самата стечајна постапка и затоа сметам дека треба прецизно да се напише кој може да биде именуван за стечаен управник. Тоа е поврзано со членот 23 стекнување на уверение на стечаен управник. Сега што се случува? Ова од пракса ви го кажувам.

Никаде немате предвидено одредба дали еден стечаен управник колку стечаи може да води. Аајде кажете. Може 15, може 30, како што е во праксата. Денеска во пракса имаме одредени луѓе кои станаа експерти со бенефиции тие водат постапки на 20 фирми. Да не се чудите кога некој ќе го спомне Тамбурковски кој може да биде и во Експорт Импорт банка и во Топилница и до каде е стигнато. Истите претпријатија тапкаат, што може да биде освен некои бенефиции, некои интереси. Тоа мора со закон да го регулираме. Мора да се регулира дали едно лице може да води еден стечај, два, три, пет, итн. Тоа е пропуштено. Тука се прават најголемите неправилности. Објективно некој не може да води 10 стечаи, посебно на големи институции, големи претпријатија. Знаете што значи да се води стечајна постапка на Експорт импорт банка или на Радо банка, треба да се вложат над човечки напори за да стечајната постапка успешно се заврши. Токму од тие причини оддолговлекување на самиот процес се прават тие малверзации. Сега, за да ги покријат тие трошоци стечајните управници ќе им се дозволи да продаваат ситен инвентар, трговски стоки, си прават трошкови, едноставно со години остваруваат соодветни финансиски средства за она што требаат ефикасно да го извршат во интерес на сите, а не во интерес на поединци.

Ќе дојдеме до одборот на доверители како орган во стечајната постапка, не смеаат такви одредби да постојат. Нема награди и надоместоци самите одбори на доверители да ги продолжуваат тие стечајни постапки.

Кој може да биде именуван и какво е именувањето?

Именувањето може да биде по предлог на доверителите. Добро решение, но тој предлог мора да оди со гласање, барем една половина од доверителите треба да изгласаат кој може да биде стечаен управник или стечајниот судија го именува стечајниот управник. Тука мора да се води сметка затоа што некогаш има конфликт на интереси. Мора да има некои одредби. Конфликт на интереси во водењето на стечајната постапка, сведоци сме, за жал, има претпријатија каде стечајните управници овозможуваат крчмење на имотот и доаѓање на имотот во раце на блиски луѓе до стечајниот управник. Имаме. И до сега било така.

Тука доаѓаме до прашањето околу стечајните управници. Има одредба може да биде трговско друштво кое вработува или има еден стечаен управник и вработено еден правник и еден економист и стечаен управник трговец поединец. Сам. Ќе се судриме со одговорноста во смисла на осигурувањето. Јас сум на ставот дека сепак треба да го вршат трговски друштва кои вработуваат, да речеме да остане минимум еден стечаен управник и еден правник или економист како екипа. Ќе се даде можност, па ќе видите во членот 25 - најниската сума на осигурувањето на друштвото се определува во висина од 50 илјади евра, а друштвото на поединец како трговец поединец од 25 илјади евра. Осигурување е осигурување, што правиме со имоти на поединец кој може да направи штета на претпријатија кои имаат огормен капитал. Како ќе го решиме тоа прашање. Да направат штета која за сега многу бројни вработени во претпријатие оти одат претпријатија во стечај со илјада, две илјади вработени, одат претпријатија во стечај што имаат еден вработен или немаат имот, ние го поставуваме прашањето на тие основи. Што ако тој направи штета, па илјада вработени да бидат оштетени, тој како стечаен управнинк тој бенефит или таа валоризација би ја нашол на некој начин, затоа мислам дека тука треба да се под поразмисли во кој правец треба да се направи. Дали треба да остане трговско друштво кое треба да има најмалку еден вработен како стечаен управник, правник или економист, или да остане ова двојно решение. Сега се формира комора на стечајни управници и сите оние акти кои треба да ги донесат, како ќе се финансира таа комора, иако имам забелешка ставот 6

стечајните управници задолжително за секоја година наплаќаат годишна членарина во висина од 2% од остварениот приход. Како би се оствариле тие два проценти, кој е тој приход или тоа би било некој паушал на кој начин би функционирала самата комора.

Обновувањето на уверението на стечајниот управник би требало да остане и истото треба да функционира.

Именување на друг стечаен управник на првото собрание на доверители по именувањето на стечаен управник, член 30, доверителите можат наместо стечајниот управник кој е именуван од страна на стечајниот судија да именува друг стечаен управник ако гласаат повеќе од една половина. Мора начелно да се направи. Не може еден доверител да каже јас предлагам да го смениме стечајниот управник и да назначиме друг. Ако не се согласуваат другите?

Одиме понатаму, одбор на доверители. Основањето на одборот на доверители го предвидувате бројот, тоа е став 6, Одборот на доверителите одлучува со двотретинско мнозинство од присутни членови. Мислам дека цензусот е висок. Тешко се постигнува двотреинска одллука на одбор на доверители. Ќе биде проблем. Ова го кажувам од пракса. Многу е битен органот во целокупната постапка на одборот на доверители. Битно е затоа што треба да ги штитат своите интереси и како такви со двотретинско гласање таквите одлуки тешко ќе се донесуваат. За седниците не е спорно.

Член 41 разрешениот на Одборот на доверители има право на посебна жалба против решението на стечајниот судија во стечајниот совет, кој совет треба во рок од седум дена да се произнесе во врска со жалбата. Мора да има рокови, без рокови не бива.

Одиме сега на членот 44, ова што го реков, нема награда и надоместок на Одборот на доверители. Не може да има затоа што во праксата се покажува, и сега го прават тоа, Одборот на доверители прима надомест и награда и тој си ја оддолговлекува постапката. Претпоставена состојба, по десет илјади да имаат паушали тој не е заинтересиран навреме да се заврши целокупната стечајна постапка.

Нема што да се наградуваат, тие ги штитат своите интереси, а не интересите на некој друг. Тој е претставник и како таков треба д ги застапува интересите на претпријатието кое е доверител на стечајниот должник.

Стечајната постапка регулирана е како таква, јас реков сепак стечајната постапка мора што побргу да ја завршите, а не она што ни се случува.

Мора да се пофали планот за реорганизации. Тука треба целосно вниманието да се посвети и навистина да имаме луѓе стечајни управници и не само тие, туку сите органи на стечајната постапка да одат и да создадат што е можно повеќе услови за реорганизација на стечајните должници. Како одредби што се предвидени тука, камо среќа во пракса да се применуваат, а не да ни се случува масовно претпријатијата да одат во ликвидација, стечај, продажба. Сметам дека со овие решенија во делот на реорганизацијата ќе се постигнат соодветни ефекти да не ни се случува она што ни се случува.

Ова се дел од забелешките кои во идната пракса би требало да придонесат овие стечајни постапки кај нас што побргу да завршуваат да не ни се случува еден стечај да предизвика друг.

Ние како пратеничка група на СДСМ оваа прва фаза ја поддржуваме, сметаме дека набрзина ќе дојде втората фаза со сите забелешки од јавната расправа, ќе имаме стручни експерти и ќе добиеме закон за стечај кој ќе биде и брз и ефикасен и применлив во наши услови.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Блаже Стојановски не е тука.

Бидејќи нема веќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

(Господинот Ванчо Стаменков реагира)

Не сте пријавени господине Стаменков.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Господинот Стаменков реагира дека не работи системот)

Господине Стаменков ова е прва фаза, претпоставувам дека сте дискутирале на Комисијата, како што се чудам овде дискусии од по 30 минути, а истото тоа е кажано и на Комисијата, затоа треба под итно да го менуваме Деловникот.

Господине Стаменков го затворив претресот, ќе дојде втора фаза и тогаш ќе се искажете повеќе од пет минути.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пак реакција од страна на господинот Стаменков)

Господине Стаменков, ајде вака да се договориме, вие сте дојдени и седите 20 минути од прилика, точно за цело време додека зборуваше господинот Славе, во тие 20 минути можевте да го проверите системот, да утврдите дека не работи и ќе интервениравте. За се има логичен одговор.

Повелете господине Стаменков процедурално три минути.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, вие утврдивте дека навистина не работи системот, а јас се имам пријавено. Зошто не го почитувате тоа сознание што го имате дека е така и да ми дадете збор.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков доаѓам лично да утврдам дали работи или не.

(Претседателот го проверува системот)

Ги молам пратениците да влезт во салата за да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги молам пратениците и од опозицијата нека влезат, сите го поддржавте, прва фаза е, да ја

затвориме расправата затоа што ако навистина се грижиме за стечајците треба и ова да го изгласаме со заеднички кворум.

Очигледно дека опозицијата е замината да се подготвува за утрешната седница за доверба на Владата.

Тука ја прекинувам денешната седница, а дополнително ќе ви јавам кога ќе продолжиме со оваа седница.

(Седницата прекина со работа во 15,57 минути)